

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА КОНТРОЛА НА РИЗИК,

## ОСПОРУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИ И РЕКЛАМАЦИИ

**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Дирекција за развој на производи и маркетинг/
Оддел за картички и дигитални канали /Служба за картично работење

---

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

| | | | |
|---|---|---|---|
| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **120.000 клиенти во земјата** | **35 експозитури и 95 ATM** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |

# Што ќе биде твојата улога

Имплементирање на безбедносни стандарди и политики во Службата за картично работење за превенција од злоупотреби со картички во согласност со најдобрите практики од индустријата за картично работење и превземање на водечка улога во длабински анализи, истраги и известување за ризикот;

Имплементирање и контрола на усогласеноста на програмите од картичните организации за превенција од злоупотреби со картички;

Развивање на механизми за утврдување на измамнички активности/ системи наменети за мониторинг на активностите поврзани со картично работење;

Мониторинг на дневно ниво на класифицираните трансакции и акции за спречување на злоупотреби преку блокада на картички и известување на продажната мрежа/клиентите за потврда на трансакциите класифицирани како ризични;

Консултации со соодветни институции во случаеви кога е неопходно спроведување на законски обрвски;

Учество во дефинирањето на чип параметрите на картичките, како и подесувањата на ПОС и АТМ уредите кои се однесуваат на контрола на можностите за злоупотреби;

Учество во дефинирањето на дневните / месечните лимити на картичките;

Дефинирање на stand in параметрите во картичните организации;

Следење на трансакциите на ПОС терминалите кај трговците и ескалација за невообичаените активности;

Донесување одлуки во врска со исплатата на трговците и задолжителните резерви;

Следење на наплатата и грижа за ублажување на загубите;

Подготовка на материјали за едукација на продажната мрежа, корисниците на картички и трговците во согласност со најдобрите индустриски практики за заштита од злоупотреби со картички;

Менаџирање со барања за оспорување на трансакции со картички од клиенти во координација со процесниот центар и во согласност со правилата на картичните организации.

---

## Кои квалификации се потребни

ВСС, Акредитирани високо образовни институции во РСМ

Минимум 3 години работно искуство во областа и претходно банкарско искуство ќе се смета за предност

Активно познавање на основните информатички вештини (Microsoft Office) и активно познавање на англиски јазик

Експертско познавање на регулативата на картичните шеми (VISA и MasterCard) од областа на оспорување на трансакции и управување и мониторинг на ризик од злоупотреби со кратички

Креативност, способност за планирање и одлучување, способност за координација и организација, аналитичко размислување и вештина за решавање на проблеми, препознавање на ризикот во работењето и способност за тимска работа

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **20.07.2023** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК ЗА КОНТРОЛА НА РИЗИК, ОСПОРУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИ И РЕКЛАМАЦИИ“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на Ваша согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 1 година, доколку сте согласни со тоа. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвосебе #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank